**Видео 10: Учество на јавноста во користењето на водите**
**Февруари 2023 година**

Граѓанските организации може да придонесат за одржливо користење на водите!

- Водите, како добра од **општ интерес**, се во сопственост на Република Северна Македонија и уживаат **посебна заштита** на начин и под услови определен со Законот за водите .

**Законот утврдува повеќе приоритети за користење на водите при што овие 3 се првите приоритети за дозволата за користење на вода:**

**- водоснабдување на населението преку јавен водоснабдителен систем, за здравствените установи и за правните лица од областа на ветеринарството, за потребите на одбраната, за индустријата за производство и за преработка на храна и за напојување на добитокот;**
**- наводнување на земјоделското земјиште;**
**- водоснабдување на индустријата и за стопански потреби;**

- Законот за водите дефинира кога се смета дека водисте се во општо користење.
- За општото користење на водите не е потребна дозвола за користење на водите.

- Заради правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица под услови и на начин утврдени со Законот за води.
- Доделувањето и остварувањето на водното право не смее да доведе до негативни последици за водите.

**- Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода кои ги издава Министерството за животна средина и просторно планирање.**

Дејности и активности за кои е потребна дозвола:

**Зафаќање, црпење, пренасочување, акумулирање и користење на водата од површинското водно тело на пример:**
**- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,**
**- наводнување на земјоделско земјиште,**
**- индустриски, технолошки и стопански потреби,**
**- полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби,**
**Црпење, пренасочување, акумулирање или користење на водата од подземното водно тело на пример:**
**- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,**
**- наводнување на земјоделско земјиште,**
**- испуштање во води и испуштање и фрлање на материи и супстанции во површинските води.**
**Дозволата се издава во согласност со Планот за управување со речниот слив.**

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- Барањето за добивање дозвола за водно право се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

**- Министерството за животна средина и просторно планирање е должно да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата интернет страница и да и обезбеди на јавноста пристап до информациите потребни за оформување на мислењата и ставовите.**
**- Јавноста може да ги изрази своите мислења и забелешки во врска со барањето во рок од 15 дена од објавувањето.**
**- При изготвувањето на дозволата за водно право, Министерството за животна средина и просторно планирање ги образложува причините поради кои се отфрлени добиените мислења и ставови.**

- Градоначалникот на општините и градоначалникот на градот Скопје, се должни во определен рок, до Министерството за животна средина и просторно планирање да достават мислење во писмена форма во однос на наводите содржани во барањето.
- Доколку градоначалникот на општините и градоначалникот на град Скопје не го достават писменото мислење во дефинираниот рок, се смета дека се согласиле со барањето.

- Министерството за животна средина и просторно планирање, со решение го одбива барањето за издавање на дозвола за водно право, доколку утврди дека издавањето на дозволата **не е во согласност со Планот за управување со речен слив, се загрозува јавниот интерес, или се повредуваат одредбите на меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија**.

**- Дозволата за водно право може да се изменува или да се дополнува доколку се промени:**
**- квантитетот и/или квалитетот на водата што се користи или**
**- квантитетот и/или квалитетот на водното тело од коешто се користи водата или**
**- технолошкиот процес на работа.**

**- Дозволата за водно право меѓу другото престанува и ако:**
**- не се започне со изградба, реконструкција или доградба на објектите и постројките од дозволата во рок од најмалку две години од денот на издавањето на дозволата;**
**- не се завршат работите и активностите за изградба, одржување, експлоатација, изменување, проширување, рехабилитација или затворање на изградени водостопански и други објекти во рокот определен со дозволата;**
**- водата, без оправдани причини, не се користи и/или испушта континуирано во период од две години во текот на времетраењето на дозволата;**
**- издадената дозвола не е во согласност со измените и дополнувањата на плановите за управување со речните сливови;**

**- Водното право привремено се ограничува, доколку се:**
**- загрозува здравјето на луѓето;**

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**- загрозува природната рамнотежа на водните екосистеми и екосистемите зависни од вода;**
**- ограничува општото користење на водите и**
**- влијае штетно врз заштитените подрачја определени со прописите за заштита на природата.**
**- Привремено ограничување на водното право се врши и заради потребите на одбраната и безбедноста на државата.**

**Дозволата за водно право се одзема доколку:**
**- водата се  користи, односно се испушта спротивно на условите утврдени со дозволата;**
**- носителот не го платил надоместокот и**
**- на носителот на дозволата со правосилна одлука му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на дејност поврзана со користење на води или испуштање во води.**

Законот за води дефинира и две други ситуации кога може да се промени, односно одземе дозволата за водно право.

Доколку сте еколошка граѓанска организација контактирајте го Македонското здружение на млади правници за да добиете дополнителни информации, помош и поддршка во вклучување во процесот на издавање дозволи за користење на водите преку Програмата за правна и менторска поддршка на еколошки граѓански организации.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment